| Р.бр. | мерки | извршители | Потребни финансиски средства |
|---|---|---|---|
| 1 | Набавка на ФОБ тестови за 2015 година | МЗ | 1.360.000,00 |
| 2 | Анализа на ФОБ тест, известување, водење евиденција (регистер) | 10 ЦЈЗ | 10.600 х50,00=530.000,00 |
| 3 | Координација на скринингот од страна на 10-те центри за јавно здравје, дистрибуција на тестови до матични лекари | 10-те ЦЈЗ (10х 30.000,00) | 300.000,00 |
| 4 | Едукација на матични доктори | Центар за семејна медицина Медицински факултет | 100.000,00 |
| | Вкупно | | 2.290.000,00 |

Во главата VI. ЗБИРНАТА ТАБЕЛА се заменува со нова табела, која гласи:

| ПРОГРАМА ЗА РАНА ДЕТЕКЦИЈА НА МАЛИГНИ ЗАБОЛУВАЊА | Временска рамка | | Потребни ресурси |
|---|---|---|---|
| | Почеток | Крај | Финансиски ресурси |
| СКРИНИНГ НА РАКНА ГРЛО НА МАТКА | 2015 | 2015 | 7.850.000,00 |
| ОПОРТУНИСТИЧКИ СКРИНИНГ НА КОЛОРЕКТАЛЕН КАРЦИНОМ | 2015 | 2015 | 2.290.000,00 |
| ПИЛОТ СКРИНИНГ НА РАК НА ДОЈКА | 2015 | 2015 | 9.000.000,00 |
| ПРЕВЕНТИВЕН ПРЕГЛЕД НА ПАЦИЕНТИ ЗА РАНО ОТКРИВАЊЕ НА КАРЦИНОМ НА ПРОСТАТА (ВОЗРАСНА ГРУПА 50-55 ГОДИНИ) со фамилијарен ризик од 45-50 години | 2015 | 2015 | 100.000,00 |
| ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НА РМ | 2015 | 2015 | 1.060.000,00 |
| ТИМОВИ ЗА КОНЗИЛИЈАРНО МИСЛЕЊЕ ЗА СЕКОЈ ЗАБОЛЕН ОД МАЛИГНО ЗАБОЛУВАЊЕ | 2015 | 2015 | 1.500.000,00 |
| ЗАОСТАНАТИ ОБВРСКИ ЗА 2014 ГОДИНА | 2015 | 2015 | 2.200.000,00 |
| ВКУПНО 1+2+3+4+5+6 + 7 ЗА ЦЕЛАТА ПРОГРАМА | 2015 | 2015 | 24.000.000,00 |

Во делот „Финансирање на програмата'' во ставот 1 износот „26.000.000'' се заменува со износот „24.000.000''.

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-11684/1
7 декември 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

**6029.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 10 и став 3 од¬ Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14 , 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15 и 192/15), Владата на Република Ма-кедонија, на седницата, одржана на 7.12.2015 година, донесе

## ПРОГРАМА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ИНСУЛИН, ГЛУКАГОН, ИНСУЛИНСКИ ИГЛИ, ЛЕНТИ ЗА МЕРЕЊЕ ШЕЌЕР И ЕДУКАЦИЈА ЗА ТРЕТМАН И КОНТРОЛА НА ДИЈАБЕТЕС ЗА 2015 ГОДИНА

1. Во Програмата за обезбедување инсулин, глукагон, инсулински игли, ленти за мерење шеќер и едукација за третман и контрола на дијабетес за 2015 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.196/14), во делот 3. ПОТРЕБНИ ТИПОВИ И КОЛИЧИНИ НА ИНСУЛИН, ГЛУКАГОН, ИНСУЛИНСКИ ИГЛИ, ЛЕНТИ ЗА МЕРЕЊЕ ШЕЌЕР И ЕДУКАЦИЈА ЗА ТРЕТМАН И КОНТРОЛА НА ДИЈАБЕТЕС ЗА 2015 ГОДИНА, во ставот 1 износот „530.540.555,00“ се заменува со износот „638.227.080,00“, а зборовите „и неизмирени обврски 45.459.445,00 денари“ се бришат.

Во точката 2. Едукативни сесии во основните и средни училишта во Македонија – 4.500.000,00 денари., табелата се заменува со нова табела, која гласи:

„

| Рекапитулар | Денари |
|---|---|
| Финансиски средства кои се потребни за обезбедување на инсулин, глукагон, инсулински игли, ленти за мерење на шеќерот во крвта за 2015 година | 638.227.080,00 |
| Вкупно потребни средства од Буџетот на Република Македонија | 638.227.080,00 |

“

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-11685/1
7 декември 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

**6030.**

Врз основа на член 13 став (2) од Законот за јавно здравје („Службен весник на Република Македонија бр.22/10, 136/11, 144/14 и 149/15) и член 16 точка 2 и 3 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14,43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15 и 192/15), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 7.12.2015 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2015 ГОДИНА

1. Во Националната годишна програма за јавно здравје во Република Македонија за 2015 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 195/14), во делот II „САНИТАРНО - ХИГИЕНСКА ДЕЈНОСТ СО ЗДРАВСТВЕНА ЕКОЛОГИЈА“, во точката 1 потточката 1.2 Вирусолошка анализа на водата за пиење “ се брише.

Потточката „1.3 Процена на здравствено-еколошкиот ризик од квалитетот на површинските води од јавноздравствен аспект“ станува потточка 1.2.

Во точка 8 во потточката 8.1 во став 1 во алинејата 1 бројот „4000“ се заменува со бројот „200“.

По табелата број 1 „ Локации и број на објекти предвидени за тестирање на ниво на радон“ се додава нова табела број 2, која гласи:

„Табела број 2. Активности по цена и количина

| активност | количина | Цена (ден.) |
|---|---|---|
| Лабораториска подготовка и отчитување на пасивни радон детектори | 200 | 250,00 |
| Поставување на детектори на терен дозиметрија на лице место | 200 | 250,00 |
| Извештај | 2 | 25.000,00 |

Потточките 8.2 и 8.3 се бришат, а точката 8.4 станува точка 8.2.

Во делот Г. ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА , ставот 2 се менува и гласи:

„Од ставката вонредни состојби ќе се финансираат превентивни активности и против епидемиските мерки кои ги спроведуваат Центрите за јавно здравје од Велес, Куманово и Скопје во регионите со прогласена кризна

состојба, за справување со зголемен прилив на мигранти во Република Македонија и заклучоците на Главниот штаб на Центарот за управување со кризи за спречување на појава на заразни заболувања и епидемии “.

Табелата број 3 се менува и гласи:

| | Извршител | Вкупен износ (ден.) |
|---|---|---|
| А | ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ - Скопје | 12.344.897,00 |
| Б | Институт за медицина на труд - Скопје | 200.000,00 |
| В | Медицински факултет Скопје-Институт за микробиологија и паразитологија | 350.000,00 |
| Г | ЈЗУ „Завод за физикална медицина и рехабилитација | 720.000,00 |
| Д | Министерство за здравство (вонредни состојби) | 3.000.000,00 |
| Ѓ | ЦЕНТРИ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ | |
| 1. | Центар за јавно здравје - Штип | 2.691.567,00 |
| 2. | Центар за јавно здравје - Тетово | 3.793.711,00 |
| 3. | Центар за јавно здравје - Струмица | 2.570.867,00 |
| 4. | Центар за јавно здравје - Прилеп | 2.965.119,00 |
| 5. | Центар за јавно здравје - Скопје | 6.076.713,00 |
| 6. | Центар за јавно здравје - Куманово | 3.768.458,00 |
| 7. | Центар за јавно здравје - Охрид | 2.797.298,00 |
| 8. | Центар за јавно здравје - Кочани | 2.686.641,00 |
| 9. | Центар за јавно здравје - Битола | 3.369.654,00 |
| 10. | Центар за јавно здравје - Велес | 3.775.951,00 |
| | ВКУПНО: Ѓ | 34.504.983,00 |
| Е | Неизмирени обврски за 2014 | 10.880.120,00 |
| | ВКУПНО: А+Б+В+Г+Д+Ѓ+Е | 62.000.000,00 |
| | Основен буџет | 52.000.000,00 |
| | Сопствени средства на Министерство за здравство | 10.000.000,00 |

По табелата број 3, во ставовите 2 и 7, износот „48.000.000,00“ се заменува со износот „ 52.000.000,00“ .

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 42-11689/1
7 декември 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

**6031.**

Врз основа на член 16 ставови 2 и 3 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија”, бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15 и 192/15), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 7.12.2015 година, донесе

## ПРОГРАМА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЛЕКУВАЊЕ НА РЕТКИ БОЛЕСТИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2015 ГОДИНА

1. Во Програмата за лекување на ретки болести во Република Македонија за 2015 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 196/14 и 131/15), во делот „I ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА“, во став 1, во воведната реченица износот „190.000.000,00 денари“, се заменува со износот „168.000.000,00 денари“, а табелата се менува и гласи:

„

| Реден број | Активности | Вкупен износ |
|---|---|---|
| | 1. Лекување на пациенти со ретки болести без разлика на статусот на осигурување | 168.000.000,00 |
| ВКУПНО: | | 168.000.000,00 |

“

Во делот „ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА‘‘, износот „190.000.000,00“ се заменува со износот „168.000.000,00“, а износот „110.000.000,00“ се заменува со износот „88.000.000,00“.

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 42-11702/1
7 декември 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

**6032.**

Врз основа на член 16 ставови 2 и 3 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“, бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15 и 192/15), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 7.12.2015 година, донесе

## ПРОГРАМА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНА ИМУНИЗАЦИЈА НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2015 ГОДИНА

1. Во Програмата за задолжителна имунизација на населението во Република Македонија за 2015 година („Службен весник на Република Македонија“, бр. 194/14), во глава „VII. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА‘‘, во вториот став износот „300.000 000,00‘‘ се заменува со износот „240.000.000,00“.

Табелата „VII-1 Вакцини за континуирана имунизација- неизмирени обврски од 2014 година, се менува и гласи:

„VII-1 Вакцини за континуирана имунизација- неизмирени обврски од 2014 година

| | Вид на вакцина | Количина во дози | Вкупна цена со ДДВ |
|---|---|---|---|
| | Адсорбирана Tetanus и diphtheria toxoid (DT)вакцина | 20.000 | 425.880,00 |
| | Адсорбирана Tetanus и diphtheria toxoid (Td ) вакцина со редуцирана доза на diphtheria за возрасни) | 70.000 | 1.367.100,00 |
| | Tuberculin | 20.000 | 763.980,00 |
| | BCG 0 1ml | 20.000 | 578.350,00 |
| | Tetanus toxoid | 30.000 | 540.225,00 |
| | Diphtheria – tetanus- pertusis | 120.000 | 3.780.000,00 |
| | Human Papilloma Virus | 20.000 | 43.541.190,00 |
| | DTPacc-HIB-IPV-HEPATITIS B | 16.000 | 34.142.002,00 |
| | DTPacc-HIB-IPV | 70.000 | 60.553.625,00 |
| | Measles-mumps-rubella | 45.000 | 14.376.757,00 |
| | Hemophilus influenzae B | 50.000 | 16.255.244,00 |
| | Polio oral | 135.000 | 2.119.163,00 |
| | Hepatitis B за деца | 50.000 | 10.470.600,00 |
| | ВКУПНО | | 188.914.316,00 |

Табелата „VIII-3 Вакцини за континуирана имунизација за 2015 година‘‘ се менува и гласи:

„VIII-3 Вакцини за континуирана имунизација за 2015 година

| | Вакцини за континуирана имунизација за 2015 | Количина во дози | Вкупна цена со ДДВ |
|---|---|---|---|
| | Tetanus | 30.000 | 540.225,00 |
| | Polio oral | 75.000 | 7.125.000,00 |
| | DTP | 40.000 | 2.400.000,00 |
| | MRP | 46.000 | 14.647.000,00 |
| | Hep B | 50.000 | 10.950.000,00 |
| | Hib | 10.000 | 3.200.000,00 |
| | Мониторинг картички | 100 | 191.679,00 |
| | ВКУПНО | | 39.053.904,00 |
| | Вкупно табела VII-1+ VII-2+ VII-3 | | 240.000.000,00 |

“

Во ставот 3 износот „300.000.000,00‘‘ се заменува со износот „240.000.000,00“.

Во ставот 4 износот „276.065.919,00‘‘ се заменува со износот „200.946.096,00“.